# Јавен повик за пријавување претставници на граѓански организации и заинтересирани лица за учество во работни групи за изготвување на Национална стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализам во Република Македонија

Институција која огласува:
Канцеларија на Претседателот на Влада на Република Македонија

Рок на пријавување:
07.11.2018

На 93-тата седница, одржана на 08.10.2018 година, Владата ја усвои Информацијата за потребата од изработка на Национална стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализам. Изготвувањето и спроведувањето на Стратегијата е во согласност со Програмата на Владата на Република Македонија, како и во согласност со стратешките приоритети на Владата за 2019-та година. Нејзината цел е да се подобри интеркултурната толеранција во Македонија помеѓу различните култури и заедници, како и преку неа да се спроведат препораките на Советот на Европа од последниот извештај на Европската Комисија.

Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Македонија објавува Јавен повик за пријавување на претставници на граѓански организации и заинтересирани лица за учество во работни групи за изготвување на Националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализам во Република Македонија.

Националната стратегија за развој на концептот за едно општество е значаен документ кој прв пат се подготвува во Република Македонија, а е од особено значење имајќи ја предвид поделеноста на општеството по различни основи. Во согласност со определбата на Владата на Република Македонија за партнерство со граѓанското општество во процесот на креирање и спроведување политики, како и директно и суштинско учество на граѓанските организации во изготвување на овој стратешки документ, ќе се формираат работни групи составени од претставници на институциите и граѓанското општество, кои активно ќе учествуваат во целокупниот процес на подготовка на Стратегијата.

Стратегијата ќе се изготвува во период од шест месеци во седум кластери и тоа:

1) ***Кластер правна рамка***: Анализа и подобрување на правната рамка за афирмативен развој на концептот на Едно општество и интеркултурализмот, а особено во рамките на преговарачкиот процес за пристапување кон ЕУ и отворањето на поглавјето 23. Подобрување на правната рамка за превенцијата и санкционирањето на говорот на омраза како најголеми закани за слободата на изразувањето.
2) ***Кластер образование***: Подобрување на политиките во формалното и неформалното образование за развој на концептот за Едно општество и интеркултурализам.
3) ***Кластер култура***: Во рамките на Стратегијата за култура да се вградат стратешки мерки за промоција на интер-културната толеранција и разбирање.
4) ***Кластер медиуми***: Подобрување на програмата на јавниот сервис и поддршка на приватните медиуми за промоција на концептот за Едно општество и интер-културна толеранција.

5) ***Кластер локална самоуправа***: Градење на политики и мерки за развој на интеркултурализмот на локално ниво.
6) ***Кластер млади***: Мерки за намалување на омразата помеѓу младите од различните заедници, работа со навивачките групи за сузбивање на меѓуетничката омразата и манифестација на расизам. Градење на политики и организирање на поголем број на настани и манифестации, кои со своите содржини, актери и пораки би биле во функција кон подигање на интер-културната толеранција.
7) ***Кластер општествена кохезија и интеграција:*** Мерки за намалување на интер-културната дистанца, политики на интеграција на припадниците на помалубројните заедници во јавниот живот, ефективно учество во општествено - економскиот живот на сите заедници

Сите заинтересирани граѓански организации и лица кои сакаат да учествуваат во работните групи, потребно е да се пријават на **следниот линк**, во рамки на кој треба да прикачат портфолио на граѓанската организација, односно CV (Curriculum Vitae) за физичките лица на македонски или албански јазик;

Рокот за пријавување е 7 ноември 2018 година (среда), 16.00 часот.

Контакт: ednoopshtestvo@vlada.gov.mk
Лице за контакт: Д-р Рубин Земон, посебен советник за развој на мултикултурното општество, интеркултурализмот и интер-културните комуникации - 071 327 746